# СЕ БАРААТ



# ГРАДОНАЧАЛНИЦИ СО ЗЕЛЕНО СРЦЕ

https://www.facebook.com/zeskitockivomakedonija

# ЕКОЛОШКИ ЖЕШКИ ТОЧКИ

## во Република Македонија

**ОХИС** - Кисела Вода

Депонијата со несоодветно складирани над 10.000 тони линдан и жива кои со децении истекуваат во околната почва, подземните води и индиректно во храната која се одгледува во околината е високо-ризична еколошка жешка точка.

**РЕК ОСЛОМЕЈ** - Кичево

Депонија на која годишно се складираат од 200.000 – 250.000 т. пепел која содржи силикати, тешки метали, а има и траги од ураниум и ториум.

**СИЛМАК (ЈУГОХРОМ)** - Јегуновце

Депонија со 385.000 тони хромен седимент (вклучувајќи го шестовалентниот хром, најопасната форма на овој елемент) и 446.000 тони ферохромна згура.

**ОКТА** - Илинден

Еколошка жешка точка која предизвикува загадување на воздухот, водата и почвата со сулфур и азот диоксид, а траги од нафтени деривати се пронајдени во бунарите во шест околни села.

**ГОДЕЛ** - Гази Баба

Депонија во кругот на фабриката со 150 тони опасен отпад во кој има тешки метали, особено хром (вклучувајќи ја и најопасната форма на овој елемент – шестовалентниот хром).

**МАКСТИЛ** - Гази Баба

Депонија со троска која содржи силикати, оксиди, траги од олово и други тешки метали; докажано и присуство на манган; закана за животната средина е и прашината од претходното производство на челик.

**ЛОЈАНЕ** - Липково

Огромна површина, која ги опфаќа старите депонии, патиштата, руинирани објекти и самиот рудник, контаминирана со околу половина милион тони тешки метали (жива, шестовалентен хром, антимон, арсен и ниобиум).



**БУЧИМ** - Радовиш

Депонија со околу 200 милиони тони отпад кој содржи бакар, фосфати и повеќе отровни метали и една од високо-ризичните еколошки жешки точки во нашата земја.

**РЕК БИТОЛА** - Новаци

Одлагалиште на пепел и згура од отворен тип и изложено на атмосферски влијанија на кое се депонираат околу 1,5 милиони тони отпад годишно.

**ЗЛЕТОВО** - Пробиштип

Околу 6.000.000 m3 хидројаловина која содржи тешки метали (олово, кадмиум, цинк, жива, железо, бакар, арсен, ураниум) и опасни хемикалии (бакар сулфат, натриум цијанид, и др.).

**ЗЛЕТОВО ТОПИЛНИЦА** - Велес

Високо-ризична точка: почвата во поширокиот околина е загадена со тешки метали (главно олово и цинк), а во кругот на фабриката има сулфурна киселина што може да се излее; згурата од депонијата ги загадува подземните води, а ветрот ја разнесува низ градот.

**МХК ЗЛЕТОВО** - Велес

Проблемот кој го оставил овој капацитет зад себе се киселите отпадни води и пепелот кои ја загадиле почвата и реката Вардар, а погоден е среде земјоделско земјиште.

**ТОРАНИЦА** - Крива Паланка

Депонија со 3.000.000m3 отпад со потврдено присуство на најмалку шест тешки метали (арсен, кадмиум, бакар, манган, олово и ниобиум).

**САСА** - Македонска Каменица

Депонијата (јаловиштето) не е заштитена и постои ризик од излевање на олово и цинк во подземните и надземните води и почвата, како и разнесување на прашина загадена со овие метали; високо-ризична точка.

**ФЕНИ ИНДУСТРИ** - Кавадарци

Депонија со троска среде поља и ниви по кои се разнесуваат големи количини на прашина, а истата во услови на ветер ја вдишува локалното население.

## ШТО СЕ ЕКОЛОШКИ ЖЕШКИ ТОЧКИ И ЗОШТО МОРА ДА СЕ САНИРААТ?

Еколошки жешки точки се места со континуирано загадување на животната средина (воздух, вода, почва) во подолг временски период. Често се нарекува и „историско загадување". Во Македонија има 15 еколошки жешки точки кои водат потекло од индустриските капацитети на некогашната СФРЈ. Дел од овие капацитети се одамна затворени, а дел се сеуште активни. Сепак, без разлика на нивниот статус, поради несоодветната еколошка заштита, сите тие континуирано ја загадуваат околината и носат ризик за здравјето на локалното население. Освен причинителот нема ништо друго „историско" во ова загадување. Повеќе-децениското таложење на опасни материи и реалниот ризик од еколошка катастрофа ги прави еколошките жешки точки вистински „темпирани бомби". Во непосредна близина на овие места живеат стотици илјади граѓани, се одгледуваат земјоделски култури, се лови риба во блиските реки, се наводнува со загадена вода од домашните бунари.

**КРАЈНО ВРЕМЕ Е ИСТОРИСКОТО ЗАГАДУВАЊЕ НАВИСТИНА ДА ОТИДЕ ВО ИСТОРИЈАТА!**

ЕКОЛОГИЈАТА ПРИОРИТЕТ
зелена политика - зрела одлука

Коалицијата „Екологијата Приоритет!" се состои од:
Фронт 21/42, Скопје; Македонски Зелен Центар, Скопје; Еко-свест, Скопје; Македонско Еколошко Друштво, Скопје; Екоскоп, Скопје; ЦЕЛОР, Радовиш; Центар за Одржлив Развој на Заедницата, Дебар; ИПО Крсте Јон, Струга; Екумена, Василево; Биосфера, Битола; Цепросард, Скопје; и Гоу Грин, Скопје.